*Музејот на современа уметност-Скопје*
*Амбасадата на СР Германија*
*ИФА Штутгарт и Институтот Гете од Белград*
*Ве покануваат на отворањето на изложбата*

ТОМАС РУФ

Фотографски дела од циклусот "Млади луѓе"

*Museum of Contemporary Art-Skopje*
*German Embassy in Skopje*
*IFA Stutgart and the Goethe Institut, Belgrade*
*Kindly invite you to the opening of the exhibition:*

THOMAS RUFF

Photographs from the Young People series

# Ruff Junge Leute Thomas

## *За амбивалентноста на фотографското претставување*

Томас Руф студираше фотографија од 1977 до 1985 на Академијата во Диселдорф и под водството на Бернхард и Хила Бехер. Оттогаш неговата преокупација се две тематски области - архитектурата и портретот. Неговиот работен метод е под силно влијание на документарната фотографија на неговите учители, а којшто претпоставува редукција на формалните аспекти и концентрација на структурата. Оваа метода на претставување е определена со претходно утврдени услови на фотографирање кои остануваат непроменливи, без оглед на тематскиот третман. Условите под кои се прави некоја слика се засновуваат на постигнувањето сличност со оптимална прецзност со предметот на фотографирање, при што се одбегнуваат контрастите и дисторзиите на перспективата и на некои необични агли на сликање. Почетна точка на сликање на секоја слика на Руф се јасно опишаните "локации" на предметот или ликот на портретот, од една страна, и на авторот на сликата, од друга страна.

На прв поглед, серијата портрети наречена "Млади луѓе" којашто е прикажана со оваа изложба, може да ни изгледа лесно прифатлива и сфатлива. Прецизната репрезентација на површината, на гледачот му сугерира определено сознание, но истовремено остава и чувство на несигурност во неговата моментална перцептивна моќ. Овој момент на скепса е вграден во концпецијата на фотографот, колку со помош на тематската одлука (да се направи портрет), толку и со методата на портретирање.

Во контекстот на ликовните уметности, во фотографираната претстава секогаш постои една амбивалентност. Наспроти сликарството, инхерентната приближност со реалноста кај фотографијата игра најважна улога. Токму во спротивставувањето на ова очекување се состои делото на оние уметници кои ја нагласуваат автономијата на овој сликовен медиум, процес којшто за возврат предизвикува тешкотии да се разбере фотографијата што е замислена уметнички, а изведена на ниво на репрезентативност.

Томас Руф извлекува еден можен заклучок од овие дивергентни насоки со тоа што го нагласува моментот на репрезентација. Фотографското претставување, кое што во документаристичка смисла е ориентација кон информацијата, во рацете на Руф се претвора во пренагласеност на медиумот. Неговите претстави на "Младите луѓе" негираат секаков можен контекст. Секоја портретирана личност, како индивидуална претстава е претстава на самиот или самата себе - без искучок. Со ставањето преголема нагласка на почетната точка на секој фотографски портрет, односно на конкретно видливата површина, гледачот директно се конфронтира со портретираната личност.

**Ruff Junge Leute Thomas**

Фактот што пред себе немаме пеперутки боцнати со игла или камења собрани во природата, туку човечки битија, го става гледачот во тешка позиција. Значењето кое што изгледа толку лесно прифатливо, отвора пат за конфликт. Во тој момент се појавува желба сомнежот или неспособноста да најдеме одговор, да се насочат назад кон авторот. А тука, на крајот на краиштата, негирањето на фотографот станува уште повеќе евидентно. Руф не ги исполнува нашите очекувања за една вообичаена метода на портретирање ориентирано кон индивидуалноста и личноста. Тој не ги следи правилата на психолошко карактеризирање, на портретирање на комплексните структури на индивидуата. Томас Руф ја смета оваа амбиција, овој повик кон сфаќањето за невозможен и недофатлив. Наспроти тоа, фотографот го води гледачот понатаму од морално заснованиот жанр на портретирање на човекот, односно кон поставувањето прашања за основните принципи на природата на уметноста и медиумот. Иако ликовите на портретираните се луѓе од неговата околина или луѓе со кои е близок, сепак според неговиот избор тој одбира да го нагласи неговото одбивање на нивната карактеризација.
Настрана од индивидуално портретираните ликови, нашиот впечаток за времето во кое што живееме се формира преку броевите и фотографските серии. Меѓутоа, информацијата за конкретната основа во која постои колективот, условите во којшто живеат овие млади луѓе, останува затскриена. Вистинската информација или опис на нивните индивидуални ситуации е исклучена.
Томас Руф ни остава во наследство фотографски слики чие што присуство манифестно го објавува негирањето на автентичноста. Предизвикот му е оставен на гледачот кој единствено со сопственото искуство и идеи ќе може да воспостави врска со структурата на сериите така како што се претставени. Концептуалните уметници во 70-те години го отворија патот за новите видови на методи за истражување на фотографската репрезентативност. Втората генерација концептуални уметници, на која и припаѓа и Томас Руф, бара нови работни принципи кои повеќе не го ставаат приоритетот на медиумот и неговите аспекти, туку се засегнати со врските што се воспоставуваат со нивниот сопствен живот. Неговото дело се базира на успешни обиди да вклучи типолошки ориентирани процедури како основа за тематски процеси кои се во врска со контекстот создаден од искуството и историјата на авторот на сликите, но без притоа тие да имаат разрешенница во какво било вредносен суд. Ова е еден обид аналитичката опсервација да се ослободи од настојувањата за генерализација која би ги поставувала сопствените лимити.

Уте Ескилдсен (1988)

## Биографија

**Томас Руф е роден 1958 во Цел ам Хамерсбах. Дипломирал на Академијата во Диселдорф во 1985 кај професорите Бернд и Хила Бехер. Самостојно излага од 1981 година и до денес приредил повеќе од 50 изложби во многубројни галерии и музеи во светот. Учествувал на над 100 групни изложби и манифестации.**

Дела на изложбата: 40 фотографии од циклусот "МЛАДИ ЛУЃЕ"

MUSEUMOFCO
NTEMPORARY
ARTSKOPJEM
УЗЕЈНАСОВР
ЕМЕНАТАУМЕ
ТНОСТСКОПЈЕ

ifa

Музеј на современата уметност-Скопје
Петок, 6 јули 2001 во 20 часот
Museum of Contemporary Art-Skopje
Friday, 6 July, 2001 at 8 p.m.

Музеј на современата уметност-Скопје Самоилова 6б, п.ф. 482 1000 Скопје, тел. (02) 117-734/5 ф. (02) 110-123, moca@sonet.com.mk